Црна Гора“; „Школувањето на архивскиот кадар во Демократска Република Германија“.

Поинтересни за нас се „Јавноста во самоуправувањето и заштитата на тајната“ каде авторот Митар Дамјановиќ укажува на можноста архивите како преземачи на архивската граѓа од различни установи и стопански организации да станат потенцијални оддавачи на службена и државна тајна, поради што е потребна соработка меѓу едните и другите и попрецизно регулирање на тајната во нормативните акти, како и написот на Јелена Аќимовиќ-Мариќ за школувањето на архивскиот кадар во ГДР. Во овој напис изнесено е дека до 1958 година во ГДР постоел специјален институт за архивистика, а тогаш е присоединет кон Хумболтовиот универзитет како посебна група за архивистика. Школувањето на оваа група трае 5 години. Школувањето на средниот кадар се врши на Стручната школа за архивистика (Fachschule für Archivwesen), а нижиот кадар се школува преку праксата и посетувањето на теоретските предавања, заклучува авторот.

Во рубриката „Прикази на публикации, расправи и статии“, Драгоје Игњатовиќ се осврнува на книгата „Светозар Милетиќ и народна странка, граѓа, 1860—1865“, I—II. Сремски Карловци, Историски архив АП Војводина, 1968, 1969, с. 712. 782. Уводни текстови, избор и објаснувања Никола Петровиќ; Срѓдое Лалиќ се осврнува на книгата „Теория и практика архивного дела в СССР“ во редакција на проф. Л. А. Никифорова и доц. Г. А. Белов, изд. „Высшая школа, Москва 1966. 470 стр. Даден е осврт на статијата од Alfred Wagner „DIE UNESCO UND DAS ARCHIVWESEN", „Der Arhivar". Mitteilugsblatt für deutsches Archivwesen. 22. Jahrgang, Јули 1969, св. 3. и на крајот Милица Кацин — Wohinz се осврнува на книгата »ARHIVI DI ,GIUSTIZIA E LIBERTA' (1915—1945«, Inventario a cura di Costanzo Casucci, изд. Ministero dell' Interno, Publicazioni degli archivi di stato, Roma 1969, XIX + 259 стр. + 7 факсимили.

Во рубриката библиографија Јанез Кос прикажува ретроспективна библиографија на публикации од архивските установи и друштва во Југославија, 1945—1965 година. Во неа се прикажани 305 наслови распоредени под републики, архиви и друштва. Библиографијата опфаќа: 1. списанија, годишници и зборници; 2. архивистика; 3. инвентари, водичи; 4. објавување на граѓа, регести; 5. историски публикации: 6. каталози на архивски изложби; 7. друго (и библиографија).

На крајот, на две страници на француски јазик направено е резиме на содржината на списанието.

**Н. В.**

## Sz. Ormos Mária: Merénylet Marseille-ben (Budapest, 1968. 224. 1.)

Кон крајот на 1968 година во едицијата „Популарна историја“, а во издание на унгарското книгоиздателство „Кошут“ излезе од печат трудот на С. Ормош Марија „Атентат во Марсеј“. Трудот претставува

дел од серијата книги на книгоиздателството во кои се обработуваат значајни историски настани.

На 9 октомври 1934 година во Марсеј беа убиени: југословенскиот крал Александар и францускиот министер за надворешни работи Луј Барту. Овој настан ја потресе цела современа Европа. Кој беше убиецот? Кои беа неговите наредбодавачи? Кои современи европски држави ја помагале и организирале оваа акција? До каде стигнале нашите знаења за поодделни моменти на овој до ден денеска вештачки премолчен атентат?

Книгата што книгоиздателството ѝ ја предлага на јавноста дава обилен и интересен материјал за историјатот на овој меѓународен злочин.

Во својот труд авторката се обидела да одговори на горепоменатите и на низа други прашања, кои предизвикале жив интерес не само кај современиците туку и кај секој научник кој се занимава со меѓународните односи во 30-те години на XX век. Веќе и насловот на едицијата укажува на тоа дека авторката си поставила за цел трудот да биде напишан популарно, но во исто време материјата да биде презентирана со научна висина во што и успеала. Следејќи ја содржината на трудот, може да се согледа тоа дека во неговата подготовка е вложен голем труд дека се извршени обемни испитувања, а во интерпретацијата се согледува вонредната научна рутина и искуство. Тоа се гледа, пред сè, во прегледното компонирање и во стандардното презентирање.

По распоредот на материјалот, книгата се состои од четири дела, авторски заклучок и ползувана литература.

Посебно привлечен дел, кој го возбудува и предизвикува духот на читателот, е првиот дел под наслов „Атентат на улица Канабиер“, кој всушност служи како увод во мошне интересен, од меѓународен аспект, настан. На прв поглед паѓа в очи тоа дека авторката како одличен познавач на современите прилики со вонреден усет мошне релјефно го насликала моментот на убиството. Потоа, се задржува на неговото меѓународно значење.

Авторката откако ги прикажала разните еднострани мислења и толкувања на современиците и историчарите (Г. Черењеи, В. Миличевиќ, В. К. Волков, П. Нандори), се задржала на следново прашање: Кој беше вистинскиот интелектуален организатор на овој меѓународен атентат? Спротивно на досегашните современи публицистички, политички и научни разбирања, изнесувани за исклучивото непосредно учество на унгарските државни органи, авторката истакнува дека без објективно и правилно објаснување на меѓународната положба во 30-те години на нашиов век многу настани од историјата на меѓународните односи може да останат неправилно сфатени. Токму затоа, според неа, при расветлувањето на тајните и непознатите страни на марсејскиот атентат и на слични историски настани, историчарот, ако сака да остане објективен, единствено следнава алтернатива треба да ја постави пред да започне со пишување на историјатот на еден многу комплициран историски настан: „Во чиј интерес се случи сето тоа?“

Тргнувајќи од тоа прашање, таа во вториот и третиот дел накратко го опишува историјатот на двете учеснички организации — ВМРО (во книгата: ORIM) и усташката ор-

ганизација на Анте Павелиќ. Потоа, исцрпно ја обработува меѓународната положба и надворешната политика на кралска Југославија кои, како решавачки објективни фактори, многу придонесле за извршување на атентатот. Во овој дел авторката детално нѐ запознава со секојдневниот живот на терористите во Јанкапуста — логор, организиран од страна на унгарската влада при крајот на 1931 година. Тежиштето на трудот е поставено врз овие два дела, посебно на третиот дел, кои по својата објективност и научна издржаност, според нас, се највредниот дел во книгата.

Во четвртиот дел авторката доста опширно се задржува на меѓународните дипломатски конфликти, предизвикани со атентатот. Посебно интересни се страниците за судскиот процес, кој се одржа во рамките на Друштвото на народите. За сето ова, С. Ормош Марија ползувала архивски материјали кои се наоѓаат во Унгарскиот Државен Архив.

Посебно внимание заслужува авторскиот заклучок кој, спротивно на досегашните сфаќања, еднакво ги обвинува за убиството фашизираните влади на Унгарија, Италија и Германија. Според авторката, убиството заеднички го извеле членовите на двете терористички организации. Главна цел на непосредните и идејни организатори било уништувањето на Југославија и присоединувањето на одделни нејзини територии кон соседните земји по пат на терористички акции. Согласувајќи се со авторскиот заклучок, слободни сме да констатираме дека и она малку што беше прикажано и познато досега за доминантната и непосредната улога на унгарските владини органи во организирањето на атентатот, С. Ормош Марија со својот значаен труд успеал да ја расветли.

Трудот на С. Ормош Марија може да се окарактерисa како труд со мошне позитивни својства. Пристапот во излагањето на проблемите е привлечен за самиот читател, а според низа значајни прашања од дипломатски карактер — објективен и реален. Меѓутоа, можно е да се направат извесни забелешки во врска со некои недоследности и несогледувања.

Како што споменавме, презентираниов материјал дава можност да се согледа дејноста на ВМРО, почнувајќи од неговото основање, па сѐ до 1934 година. (За улогата на усташката организација и за меѓународните односи види: Вук Винавер, ЈИЧ, 1—2 (1969), 266—270). Додека учеството на ВМРО во марсејскиот атентат е прикажан правилно и објективно, дотогаш историскиот развиток на самата организација е погрешно презентиран со доста материјални и терминолошки неточности. Иако на неколку пати е укажано на самостојниот и посебен историски развиток на Македонија, С. Ормош Марија терористичката организација на Т. Александров, А. Протоѓеров и И. Михаилов ја идентификува со револуционерната ВМРО на македонскиот народ. Тоа се гледа и од приведената изворна и стручна литература. За жал, од толку богатата македонска и бугарска историографија не е посочено ниедно дело што би му помогнало на читателот поосновно и поопширно да се запознае со некои третирани проблеми.

Нејасноста во тоа прашање ја довела авторката до заклучок дека ВМРО во првите три децении на нашиов век ништо друго не прет-

ставуваше освен „банда на терористи“. Кај читателот ова тврдење предизвикува оправдано реагирање поради едноставноста на авторката. Потоа, би требало да се даде поголем акцент врз бугарската владина политика кон терористичката ВМРО на И. Михаилов за која постои обемен материјал во бугарските архивски и библиотечни фондови.

Заслужува посебно внимание делот во кој авторката ни дава скапоцени податоци за организирањето на логорот во Јанкапуста, за животот и проблемите на терористите (стр. 72, 107). Меѓутоа, таа воопшто не ја наведува националната припадност на членовите. Да се надеваме дека таа ќе има можност да ни даде повеќе податоци од ризницата на богатите унгарски архиви за луѓето во Јанкапуста.

Но независно од наведениве недостатоци, презентирани во научно популарен стил, трудот на С. Ормош Марија заслужува секакво поздравување зашто овозможува да се осветли еден доста темен, досега уште неосветлен, но значаен период од историјата на македонскиот народ.

Затоа овој труд го привлекува не само вниманието на обичниот читател туку и на македонската историографија.

**Р. И.**

**Боян КАСТЕЛОВ, Димо Хаджидимов, Партиздат, София, 1971, 186**

Очигледен е сериозниот обид на Б. Кастелов марксистички да ја расветли животната сторија на Димо Хаџи Димов. Меѓутоа, исто така евидентна е авторовата недоследност што резултира од неговиот неуспех марксистички да се издигне над одамна одживеаната теза за некаков „бугарски“ карактер на македонскиот народ. Да се остане на позицијата на старата бугарска буржоаска историографија во случајот на Д. Х. Димов е најмалку потребно, бидејќи „како идеолог на македонската левица и како раководна личност во бугарското комунистичко движење, Димо Хаџи Димов трајно се одбележи со ликот на целосен револуционер и стана врвен симбол на единството помеѓу вистинскиот патриот и вистинскиот интернационалист. Како таков, преку таа прекрасна синтеза, овој син на Македонија, стана жива врска помеѓу најпрогресивните сили и на македонскиот и на бугарскиот народ. Затоа и во летописот на нивните истории името на Д. Х. Димов стои во редот на нивните најсветли револуционерни имиња.“[1])

Главниот акцент во презентираната монографија е ставен на дејноста на Д. Х. Димов во бугарското социјалистичко движење.

Активноста на Д. Х. Димов во сферата на македонското ослободително движење е периферно засегната и ставена во втор план.[2])

Не може да се оспори намерата на авторот правилно да го наслика

[1]) Д. Митрев, Д. Х. Димов — идеолог на левицата во македонското национално-ослободително движење, сп. Историја, II/1—2, Скопје, 1966, 37.

[2]) О. Ивановски, покрај Д. Митрев, студиозно ги разгледува ставовите на Д. Х. Димов за македонското ослободително дело.

Сп. О. Ивановски, Балканските социјалисти и македонското прашање, Култура, Скопје, 1970.